# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 10 27 Октомври 2017 година, Петок

www.valandovo.gov.mk

## С О Д Р Ж И Н А

**Совет на општина Валандово:**


1. **Решение** за објавување на Решението за избирање на Верификациона комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово ................... 1
2. **Решение** за избирање на Верификациона комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово .. 2
3. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово ........ 2
4. **Заклучо**к за усвојување на Извештајот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово ............................................ 2
5. **Решение** за објавување на Решението за избирање на Претседател на Советот на Општина Валандово .......................................... 2
6. **Решение** за избирање на Претседател на Советот на Општина Валандово ........................ 2
7. **Решение** за објавување на Решението за избирање на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања . 3
8. **Решение** за избирање на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања ........................................... 3
9. **Решение** за објавување на Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Валандово за учество во постапката при склучување на бракови на подрачјето на Општина Валандово .................................................................. 3
10. **Одлука** за определување на членови на Советот на Општина Валандово за учество во постапката при склучување на бракови на подрачјето на Општина Валандово .................. .3
11. **Решение** за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање и за избирање на претседател и членови на комисијата .................................................. 4
12. **Одлука** за формирање на Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање и за избирање на претседател и членови на комисијата ............... 4


---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Решението за избирање на верификациона комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за избирање на Верификациона комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на конститутивната седница одржана на ден 26.10.2017 година.

Бр.09-924/2 Градоначалник
27.10.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Валандово и член 5 од Деловникот на Советот на Општина Валандово, Советот на општина Валандово на конститутивната седницата одржана на ден 26.10.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избирање на Верификациона комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово**

1. **СЕ ИЗБИРА** Верификациона комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово, во состав:

- Даниела Џонова - претседател
- Тодор Узунов - член
- Љупчо Мишков - член

2. Верификационата комисија врз основа на резултатите од спроведените избори за членови на Советот на Општина Валандово и увидот во уверенијата на избраните членови изготвува Извештај со предлог за верификација на мандатот

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-90/2 Совет на Општина Валандово
27.10.2017 год. Претседавач
Валандово најстар член на Советот
Димче Балески

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на конститутивната седница, одржана на ден 26.10.2017 година.

Бр.09-924/3 Градоначалник
27.10.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово и член 7 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на конститутивната седница одржана на ден 26.10.2017 година, расправаше по предложениот Извештај од Верификационата комисија, за верификација на мандатите на новоизбраните членови на Советот на Општина Валандово при што го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот на Верификационата комисија и **СЕ ВЕРИФИЦИРААТ** мандатите на членовите на Советот на Општина Валандово тоа на:

- ВЛАДИМИР МАРКОВ
- ГЛИГОРИЈЕ ЏИЛВИЏИЕВ
- ДАНИЕЛА ЏОНОВА
- ДИМЧЕ БАЛЕСКИ
- ЕРСАН ФЕТИКОВ
- МИРЈАНА ПЕЕВА
- ТОДОР УЗУНОВ
- ИВАНА ГОТИЌ
- ТРАЈЧЕ АНДОНОВ
- МИТКО ЗАНОВ
- ЉУПЧО МИШКОВ
- МАКЕДОНКА СТОЈАНОВА
- ШАБАН МУСТАФОВ
- СИЛВАНА ЗАФИРОВА

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-90/3 Совет на Општина Валандово
27.10.2017 год. Претседавач
Валандово најстар член на Советот
Димче Балески

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за избирање на Претседател на Советот на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за избирање нна Претседател на Советот на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на конститутивната седница, одржана на ден 26.10.2017 година.

Бр.09-924/4 Градоначалник
27.10.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 47 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа, ("Сл.весник на РМ" бр. 5/2002), член 19 став 1 и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на конститутивната седница одржана на ден 26.10.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избирање на Претседател на Советот на Општина Валандово**

1. **ВЛАДИМИР МАРКОВ**, се избира за Претседател на Советот на Општина Валандово.

2. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Валандово”.

Бр.08-90/4 Совет на Општина Валандово
27.10.2017 год. Претседавач
Валандово најстар член на Советот
Димче Балески

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за избирање на претседател и членови на Комисијата за мандатни пташања, избори и именувања**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за избирање на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, што Советот на Општина Валандово го донесе на првата седница, одржана на ден 26.10.2017 година.

Бр.09-924/5 Градоначалник
27.10.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа, (“Сл.весник на РМ” бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 38, член 32 став 5 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на општина Валандово на првата седница одржана на ден 26.10.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избирање на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања**

**1. СЕ ИЗБИРААТ** претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања со следниот состав:

Претседател:
- Даниела Џонова

Членови:
- Тодор Узунов
- Мирјана Пеева
- Митко Занов
- Љупчо Мишков

2. Комисијата од точка 1 на оваа Решение ги врши работите утврдени со член 32 од Статутот на Општина Валандово.

3. Се констатира престанок на мандатот на претседателор и на членовите на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, избрани со Решение бр.07-26/4 од 16.04.2013 год., бр.08-96/4 од 30.09.2015 год. и бр.08-127/4 од 30.11.2015 год.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Валандово”.

Бр.08-90/5 Совет на Општина Валандово
26.10.2017 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Валандово за учество во постапката при склучување на бракови на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Валандово за учество во постапката при склучување на бракови на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на седницата, одржана на ден 26.10.2017 година.

Бр.09-924/6 Градоначалник
27.10.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за семејството (“Службен весник на РМ” бр.80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седницата, одржана на ден 26.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на членови на Советот на Општина Валандово за учество во постапката при склучување на бракови на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува дека сите членови на Советот на Општина Валандово може да учествуваат во постапката при склучување на бракови на подрачјето на Општина Валандово.

**Член 2**

Членовите на Советот ќе учествуваат во постапката при склучување на бракови, според своето живеалиште и живеалиштето и желбата на младоженците.

**Член 3**

Членот на Советот, кој треба да учествува во постапката при склучувањето

на брак, а од било која причина е спречен, должен е да си обезбеди соодветна замена од останатите членови на советот.

**Член 4**

Комуникацијата помеѓу надлежната матична служба и членот на Советот кој би учествувал во постапката при склучувањето на брак, ќе се врши преку техничкиот секретар на Градоначалникот во Администрацијата на Општина Валандово.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Валандово”.

Бр.08-90/6 Совет на Општина Валандово
26.10.2017 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање и за избирање на претседател и членови на комисијата**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за формирање на Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање и за избирање на претседател и членови на комисијата, што Советот на Општина Валандово ја донесе на седницата, одржана на ден 26.10.2017 година.

Бр.09-924/7 Градоначалник
27.10.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член Врз основа на член член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 38, член 25, член 47 став 1 и член 50 став 2 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово на седницата, одржана на ден 26.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање и за избирање на претседател и членови на Комисијата**

**Член 1**

**СЕ ФОРМИРА** Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање, со следниот состав:

- Глигорије Џилвиџиев - претседател
- Елизабета Пандова Чилевска - член
- Ленче Вешковиќ - член
- Македонка Стојанова - член
- Силвана Зафирова - член

**Член 2**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука разгледува прашања кои се однесуваат на изградбата, заштитата, одржувањето и унапредувањето на спомениците на културата во општината и споменичкото одбележување на настани и личности, ги разгледува предлозите и мислењата за именување на улици, мостови, плоштади и други јавни објекти, предлозите и мислењата за доделување на награди и признанија како и прашањата кои се однесуваат на информирањето.

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање бр.07-43/18 од 23.05.2013 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-90/7 Совет на Општина Валандово
26.10.2017 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---